Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто седумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 август 2023 година**

**Скопје, август 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто седумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 август 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:05 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваа и Снежана Наџаковска и Ирена Јованова од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кернар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Барање за овластување за изработка на медал за учество во хуманитарни или мировни мисии надвор од територијата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

2. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во хуманитарна операција во Република Словенија

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Барањето за овластување за изработка на медал за учество во хуманитарни или мировни мисии надвор од територијата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, го усвои Барањето и ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за овластување на организација за изработка на одликувања на Република Северна Македонија.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во хуманитарна операција во Република Словенија и ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во хуманитарна операција во Република Словенија, со заклучок предлагачот истата да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 3**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12.10 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија** |
| **м-р Методија Димовски** | **dr.Artan Grubi** |